2019

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## Апелационен суд Гостивар

Февруари 2020

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ



Февруари 2020

# СОДРЖИНА

I. **ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ** 4

1. СУДСКА УПРАВА 6
2. КВАЛИТЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД 7
3. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛИ:
   *А) КРИВИЧЕН ОДДЕЛ* 7
   *Б) ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ* 9
4. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ:
   *А) КРИВИЧЕН ОДДЕЛ* 10
   *Б) ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ* 11
5. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ 12

II. **ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА** 13

III. **ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИ ПОСЕТИ НА ПОНИСКИТЕ СУДОВИ** 13

IV. **ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ** 14

V. **ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ** 14

VI. **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ:**
   *А) ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ* 14
   *Б) ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ* 15

VI. **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ** 16

# I. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

Апелациониот суд Гостивар како самостоен и независен државен орган суди врз основа на Уставот на Република Северна Македонија, законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, со што ја обезбедува единствената примена на правото и заштитата на човековите слободи и права.

Во текот на извештајниот период, судот со максимално професионално ангажирање на сите вработени – судиите, стручниот кадар и административно-техничкиот персонал, остана посветен на настојувањата за ефикасно и квалитетно извршување на судската функција, во рамките на своите надлежности со максимална посветеност за целосна реализација на програмата за работа за 2019 година.

Во овој период судот вкупно предмети во работа имал 4.035, која бројка ја сочинуваат 514 предмети пренесени како незавршени од претходниот извештаен период и 3.521 новопримени предмети.

Приливот на нови предмети во однос на предходната година, кога изнесувал 4.442 предмети е намален за 921 предмет и изнесува 3.521 предмети.

Во текот на извештајниот период, судот решил 3.697 предмети т.е. 820 предмети помалку во однос на минатата година.

Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на извештајната година останале 338 предмети.

Според статистичките податоци за бројот на предмети во извештајниот период во споредба со предходната година во **кривичниот оддел** се констатира зголемување на вкупниот број на предмети во работа во уписникот “КЖ” за 18 предмети, во уписникот “КСЖ” за 8 предмети, во уписникот “КЖМ” за 4 предмети и во уписникот “КР” за 18 предмети, додека во уписникот “ПРКЖ” има намалување на вкупниот број на предмети во работа за 373 предмети во однос на претходната година. Во **граѓанскиот оддел** во извештајниот период има намалување во сите уписници и тоа во уписникот “ГЖ” за 46 предмети, во уписникот “РОЖ” за 567 предмети, во уписникот “ТСЖ” за 51 предмет и во уписникот “Р” за 7 предмети во однос на предходната година.

## Предметно работење на ниво на суд

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од год. | Новопри-мени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| “КЖ" второстепени кривични предмети | 38 | 410 | 448 | 392 | 56 |
| “КЖМ" второстепени кривични предмети во постапка против малолетници | 0 | 8 | 8 | 8 | 0 |
| "КСЖ" второстепен кривичен совет | 2 | 176 | 178 | 173 | 5 |
| "ПРКЖ" второстепени прекршочни предмети | 8 | 789 | 797 | 790 | 7 |
| КР-Уписник за разникривични предмети | 0 | 43 | 43 | 43 | 0 |
| "ГЖ" второстепени граѓански предмети | 331 | 1382 | 1713 | 1553 | 160 |
| "РОЖ" второстепени предмети по спорови од работни односи | 105 | 509 | 614 | 534 | 80 |
| "ТСЖ" второстепени предмети по трговски спорови | 30 | 179 | 209 | 179 | 30 |
| Р-Уписник за разни граѓански предмети | 0 | 25 | 25 | 25 | 0 |
| **ВКУПНО** | **514** | **3521** | **4035** | **3697** | **338** |

## 1. СУДСКА УПРАВА

Во однос на судската управа, приливот на нови предмети во извештајниот период изнесува 1.443 предмети, што претставува зголемување од 570 предмети во однос на минатата година.

Од нив 1.241 предмет се од уписникот “СУ” - уписникот за Судска управа, 5 предмети се од уписникот “СУ-ДОВ” – Доверлив уписник за судска управа, 56 предмети се од уписникот “УПП” – уписник за евиденција на преставки и поплаки, 136 предмети се од уписникот “ИЗЗ” – уписник за иззенањето на судиите и претседателот и 5 предмети се од уписникот “СПИ” – уписник за слободен пристап до информации.

Во текот на извештајниот период, сите предмети од судска управа се завршени.

| Уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СУ** | 0 | 1241 | 0 | 1241 | 1241 | 0 |
| **СУ-ДОВ** | 0 | 5 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| **СУ-СТР-ДОВ** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **УПП** | 0 | 56 | 0 | 56 | 56 | 0 |
| **ИЗЗ** | 0 | 136 | 0 | 136 | 136 | 0 |
| **СПИ** | 0 | 5 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| **ВКУПНО** | **0** | **1443** | 0 | **1443** | **1443** | **0** |

## 2. Квалитет на работење на ниво на суд

Според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, Судот го задржал високиот квалитет во работењето. Имено, од вкупно пратени 178 предмети, примени се 163 предмети од кои 81 одлука е потврдена или 49,70%; 5 одлуки се преиначени или 3,06%; 21 одлука е укината или 12,88% и 56 одлуки се отфрлени или 34,36% .

| Пратени предмети | Примени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 178 | 163 | 81 | 49,70% | 21 | 12,88% | 5 | 3,06% | 56 | 34,36% |

## 3. Предметно работење на ниво на оддели

### А) Кривичен оддел

Во кривичниот оддел согласно распоредот за работа на судиите во Апелациониот суд Гостивар за 2019 година, постапувале пет кривични совети од кои два совета решаваат предмети од уписникот „КЖ“ - второстепени кривични предмети и од уписникот „ПРКЖ“ - второстепени прекршочни предмети додека еден кривичен совет за решавање на кривични предмети од уписникот „КЖМ“, согласно Законот за малолетничка правда и посебен совет кој постапува исклучиво по кривичните предмети заведени во уписникот „КСЖ“ и „КР“, еден кривичен совет од петмина судии за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор.

Во Кривичниот оддел во извештајниот период вкупно во работа имало 1.474 предмети од кои 48 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.426 предмети се новопримени, при што судот вкупно решил 1.406 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 68 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 1.799 предмети, во извештајниот период обемот на работа е намален за 325 предмети, а тоа се должи на намалениот прилив кој е за 292 предмети помал во однос на претходната година.

Бројот на решените кривични предмети во извештајниот период е намален за 345 предмети во однос на претходната година. Додека бројот на нерешени предмети е за 20 предмети поголем и изнесува 68 предмети.

Во текот на извештајниот период во Судот вкупно во работа по уписникот “КЖ” имало 448 кривичени предмети, од кои 38 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и

410 предмети се новопримени, при што Судот вкупно решил 392 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 56 предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во уписникот „КЖМ“ кривични предмети во постапка против малолетници, заведени се 8 предмети, кои се решени во текот на извештајниот период.

Во уписникот „КСЖ“ кривичен совет вкупно во работа имало 178 предмети, од кои 2 предмета се нерешени од предходната година и 176 предмети се новопримени. Од нив, решени се 173 предмети, додека 5 предмети се пренесени како нерешени за наредната година.

Во уписникот „ПРКЖ“ прекршочни предмети заведени се 789 предмети, па имајќи ги во предвид и 8 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 797 предмети од кои во текот на извештајниот период решени се 790 предмети, додека останале нерешени 7 предмети.

Во уписникот „КР“ вкупно во работа имало 43 предмети, кои во текот на извештајниот период истите се решени.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- До 1 месец решени се 990 предмети,
- Од 1-3 месеци решени се 287 предмети,
- Од 3-6 месеци решени се 107 предмети,
- Над 6 месеци решени се 22 предмети.

## 1. Предметно работење на ниво на Кривичен оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 38 | 410 | 0 | 0 | 448 | 392 | 56 |
| КЖМ | 0 | 8 | 0 | 0 | 8 | 8 | 0 |
| КСЖ | 2 | 176 | 0 | 0 | 178 | 173 | 5 |
| ПРКЖ | 8 | 789 | 0 | 0 | 797 | 790 | 7 |
| КР | 0 | 43 | 0 | 0 | 43 | 43 | 0 |
| **ВКУПНО** | **48** | **1426** | **0** | **0** | **1474** | **1406** | **68** |

## Б) Граѓански оддел

Во граѓанскиот оддел согласно распоредот за работа на судиите и останатите вработени за 2019 година, беа два совета кои постапуваат по предметите заведени во уписникот „ГЖ“ второстепени граѓански предмети и трет совет, кој постапува по предметите за трговските и работни спорови во уписникот „ТСЖ“ второстепени предмети по трговски спорови и во уписникот „РОЖ“ предмети од работни спорови. Во рамките на Граѓанскиот оддел постои и посебен совет кој ги работи предметите П5 – утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета, а исто така постои и посебен стечаен совет кој ги работи предметите поврзани со стечај.

Во текот на извештајниот период во Судот вкупно во работа имало 2.561 граѓански предмет, од кои 466 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 2.095 предмети се новопримени, при што Судот вкупно решил 2.291 предмет, а на крајот од годината нерешени останале 270 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 3.232 предмети, обемот на работа во извештајниот период е намален 671 предмет и изнесува 2.561 предмет, а тоа се должи на намалениот прилив на нови предмети, кој е намален за 629 предмети во однос на претходната година, односно примени се 2.095 предмети.

Во уписникот „ГЖ“ граѓански предмети, вкупно во работа биле 1.713 предмети, која бројка ја сочинуваат 331 нерешен предмет од предходната година и 1.382 новопримени предмети. Бројот на решени предмети изнесува 1.553, додека како нерешени останале 160 предмети.

Во уписникот „ТСЖ“ трговски спорови, заведени се 179 предмети, па имајќи ги во предвид и 30 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 209 предмети, од кои решени се 179 предмети, додека останале нерешени 30 предмети.

Во уписникот „РОЖ“ работни спорови заведени се 509 предмети, па имајќи ги во предвид 105 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 614 предмет од кои во текот на извештајниот период решени се 534 предмети, додека останале нерешени 80 предмети.

Во уписникот „Р“ разни граѓански предмети, примени се 25 предмети и истите се решени, при што нема остаток за наредната година.

Советот кој работи на утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета во извештајниот период во работа имал 27 предмети, од кои решени се 26 предмети, додека 1 предмет е пренесен како нерешен за наредната година. Советот кој ги работи предметите поврзани со стечај, вкупно во работа во 2019 имал 3 предмети и истите се решени.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- До 1 месец решени се 775 предмети,
- Од 1-3 месеци решени се 883 предмети,
- Од 3-6 месеци решени се 511 предмет,
- Над 6 месеци решени се 122 предмети.

## 1. Предметно работење на ниво на Граѓански оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 331 | 1382 | 0 | 0 | 1713 | 1553 | 160 |
| РОЖ | 105 | 509 | 0 | 0 | 614 | 534 | 80 |
| ТСЖ | 30 | 179 | 0 | 0 | 209 | 179 | 30 |
| Р | 0 | 25 | 0 | 0 | 25 | 25 | 0 |
| **ВКУПНО** | **466** | **2095** | **0** | **0** | **2561** | **2291** | **270** |

## 4. Квалитет на предмети на ниво на оддел

### А) Кривичниот оддел

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Гостивар во извештајната година според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, го задржал високиот квалитет во работењето.

Имено, во извештајниот период вкупно пратени се 57 предмети, а од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија вратени се вкупно 60 одлуки, од кои 30 одлуки се потврдени односно 50%; 9 одлуки се укинати односно 15% и 21 одлука е отфрлена односно 35%.

- Во уписникот “КЖ” примени се 53 одлуки, од кои 24 потврдени (45,28% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 6,12% од вкупно решените предмети), 9 одлуки се укинати (16,98% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,30% од вкупно решените предмети) и 20 одлуки се отфрлени (37,74% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 5,10% од вкупно решените предмети).

▪ Во уписникот “КСЖ” примени се 7 одлуки, од кои 6 потврдени (85,71% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 3,47% од вкупно решените предмети и 1 одлука е отфрлена (14,29% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,58% од вкупно решените предмети).

| Уписник | Пратени предмети | Примени предмети | Потврдени | | Укинати | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 46 | 53 | 24 | 45,28% | 9 | 16,98% | 20 | 37,74% |
| КЖМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КСЖ | 9 | 7 | 6 | 85,71% | 0 | 0 | 1 | 14,29% |
| ПРКЖ | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **58** | **60** | **30** | **50%** | **9** | **15%** | **21** | **35%** |

## Б) ГРАЃАНСКИОТ ОДДЕЛ

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Гостивар во извештајната година според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, го задржал високиот квалитет во работењето.

Имено, во извештајниот период вкупно пратени се 120 предмети, а од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија примени се вкупно 103 одлуки, од кои 51 одлука е потврдена односно 49,52%; 5 одлуки се преиначени односно 4,85%; 12 одлуки се укинати односно 11,65% и 35 одлуки се отфрлени односно 33,98%.

▪ Во уписникот “ГЖ” пратени се 81 предмет, од кои примени се 73 одлуки и тоа 41 потврдена (56,17% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,64% од вкупно решените предмети), 2 одлуки се преиначени (2,73% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,13% од вкупно решените предмети), 8 одлуки се укинати (10,96% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,52% од вкупно решените предмети) и 22 одлуки се отфрлени (30,14% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,42% од вкупно решените предмети).

▪ Во уписникот “ТСЖ” пратени се 17 предмети, додека примени се 11 одлуки, од кои 3 одлуки се потврдени (27,27% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,68% од вкупно решените предмети), 3 одлуки се преиначени (27,27% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,68% од вкупно решените предмети), 3 одлуки се укинати (27,27% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,68% од вкупно решените предмети) и 2 одлуки се отфрлени (18,19% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,12% од вкупно решените предмети).

▪ Во уписник “РОЖ” пратени се 22 предмети, додека примени се 19 одлуки, од кои 7 одлуки се потврдени (36,85% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,31% од вкупно решените предмети), 1 одлука е укината (5,26% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,19% од вкупно решените предмети) и 11 одлуки се отфрлени (57,89% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,06% од вкупно решените предмети).

| Уписник | Пратени предмети | Примени предмети | Потврдени | | Преиначени | | Укинати | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 81 | 73 | 41 | 56,17% | 2 | 2,73% | 8 | 10,96% | 22 | 30,14% |
| ТСЖ | 17 | 11 | 3 | 27,27% | 3 | 27,27% | 3 | 27,27% | 2 | 18,19% |
| РОЖ | 22 | 19 | 7 | 36,85% | 0 | 0 | 1 | 5,26% | 11 | 57,89% |
| **ВКУПНО** | **120** | **103** | **51** | **49,52%** | **5** | **4,85%** | **12** | **11,65%** | **35** | **33,98%** |

## 5. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Со максимално ангажирање на судиите и сите вработени во судот, бројот на стари предмети од година во година постојано се намалува. Така во овој извештаен период, како стари предмети на крајот од годината останале 6 предмети, од кои 5 “ГЖ” предмети и 1 “ТСЖ” предмет.

## II. Извештај за усогласување на судска пракса

Согласно овластувањата предвидени со Судскиот деловник ("Службен весник на РМ", бр.66/2013) Одделот за судска пракса, донесува Годишен план за работа на одделот за судска пракса во Апелационен суд Гостивар за 2019 год.

- Во текот на 2019 година се извршени подготовки за донесување на правни ставови за спорни прашања од Кривична и Граѓанска област, а кои се расправаат во состаноците при организираните тркалезни маси на ниво на четирите Апелациони судови во РСМ, а кои тркалезни маси се организираат двапати во годината.

- Одржани се две тркалезни маси на сите четири Апелациони судови на РСМ за спорни правни прашања одделно за Кричната и Граѓанската области и на истите се донесени по иницијатива на сите четири апелациони судови и тоа;

*Во Кривичната област се донесени вкупно 7 заклучоци кои се официјално објавени.

*Во Граѓанската област се донесени вкупно 15 заклучоци кои се официјално објавени.

- Исто така, извршена е подготовка и селектирање на избрани одлуки по оддели Кривичен и Граѓански за Билтен бр.3 за тековната 2019 година, кој ќе биде објавен во почетокот на 2020 година.

## III. Извештај за извршени посети на пониските судови

Врз основа на Методологијата за вршење на работни посети на основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Гостивар и утврдениот Распоред за работни посети на основните судови од оваа апелационо подрачје за 2019 година, судот во текот на извештајниот период изврши две работни посети, односно работна посета беше организирана и извршена во текот на првото полугодие 2019 година, во месеците Април и Мај 2019 година и втората работна посета беше организирана и извршена во текот на второто полугодие 2019 година, во месеците Октомври Ноември 2019 година.

За извршените посети и преземените дејствија при посетите, секој судија изготви извештај во рок од 8 дена од извршената посета, кој што е доставен до Основните судови, Судскиот совет на РС Македонија, Врховниот суд на РС Македонија и Министерството за правда на РС Македонија.

## IV. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Согласно чл.4 и чл.12 од Законот слободен пристап до информации од јавен карактер (сл.весник на РМ, бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14, бр.148/15, бр.55/16, бр.64/18), домашните и странските правни и физичка лица имаат право на слободен пристап до информации од јавен карактер, кои сеоднесуваат на работата на судот.

Во извештајната 2019 година, согласно погорецитираниот закон, до овој суд се доставени вкупно 5 (пет) барања на кои во законски предвидениот рок позитивно е одговорено.

Против записниците донесени од овој суд, со кои е одговорено на побараните информации од јавен карактер не е изјавено ниту една жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Додека до Канцеларијата за односи со јавност во извештајниот период не се доставени барања.

Во извешптајниот период објавени се 3572 анонимизирани одлуки.

## V. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Функционирањето на судот во текот на извештајниот период во поглед на информатичката технологија се одвиваше непречено, како и во делот на употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС).

АКМИС програмата од страна на вработените се користи целосно во сите сегменти од работењето. Имено, секој предмет односно акт редовно се заведуваат во електронските досиеа на предметите и соодветно се процесираат. Сите потребни месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи се генерираат електронски. Истите редовно се доставуваат до надлежните институции и се објавуваат на нашата веб страна.

Во судот има една судница во која е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта согласно Законот за парнична постапка. Истата редовно се користи од страна на судиите од граѓанскиот, трговскиот и одделот за работни спорови според упатството за тонско снимање. Но, земајќи го во предвид значењето на овој систем и негово за успешно користење и во иднина, потребно е да се обезбеди одржување и надградба на истиот поради дотраеноста на опремата.

Во однос на електронската достава, во овој извештаен период не се пријавени никакви проблеми и таа се спроведува непречено, само кон оние адвокати кои се имаат регистрирано на порталот е-достава.

Во судот, редовно се врши скенирање на сите поднесоци во врска со судските предмети кои се доставени директно до судот. Во текот на 2019 година се скенирани вкупно 202 поднесоци, кои се доставени до соодветниот оддел.

Анонимизацијата на одлуките на Судот се обвива непречено и во извештајниот период објавени се вкупно 3572 анонимизирани одлуки. Исто така web порталот на нашиот суд редовно се ажурира со месечни, квартални и годишни извештаи, како и со сите потребни информации за странките. Воедно, Апелациониот суд Гостивар редовно ја следи работата на основните судови од своето апелационо подрачје во однос на електронската достава, тонското снимање како и процесот на анонимизација и објавување на судските одлуки на неделна основа.

Во поглед на хардверската опрема сите компјутери се заштитени со лиценциран антивирус. Во текот на 2019 година е извршена набавка на 6 нови компјутери со што до некаде се задоволени потребите на Судот, иако околу 30% од работните станици работаат на оперативен систем Windows XP за кој нема поддршка од страна на Microsoft и неопходна е нивна замена.

Од формирањето на судот се користи постоечкиот сервер, кој го покрива целосното работење на компутерскиот систем. Оптеретеноста и достаеноста на истиот, се чуствува во секојдневното работење што доведува до успорување на работата. Во поглед на хардверскиот капацитет не ги задоволува воопшто потребите на судот.

Кон крајот на 2019 судот го обнови сертификатот за системот за управување со квалитет ISO 9001:2015, со кој го воспостави, документира, применува и одржува системот со континуирано подобрување на истиот.

Работењето со АБМС системот се одвива непречено, навремено се надоградува и во текот на извештајниот период не се пријавени никакви проблеми.

Воедно, растот на информатичката технологија налага потреба постојано надградување и усовршување на сите вработени во судот за начинот на нејзината употреба.

## VI. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### А) ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Апелациониот суд Гостивар е сместен на третиот кат на судската зграда, на Ул.“Живко Брајкоски“ бр.1, во Гостивар.

Работните простории се опремени со основни средства и ситен инвентар, греењето и ладењето на зградата се обезбедени со централен систем за ладење и греење, додека предметите се архивирани во железни ормари кои се поставени по ходниците на судот.

Зградата на Апелациониот суд Гостивар има 27 работни простории, една судска сала, магацин за ситен инвентар, магацин на основни средства и сервер салата.

Безбедносната состојба на зградата на судот е задоволителна, зградата на судот се наоѓа на трети кат на објектот каде што се лоцирани и зградата на Основниот суд Гостивар, Вишото јавно обвинителство, Основното јавно обвинителство, Државниот правобранител Гостивар, поради

зградата се обезбедува од страна на судските полицајци на Основниот суд Гостивар, кои се ангажирани да вршат безбедност на целата зграда и на други објекти непрекинато 24 часа дневно.

### Б) Човечки ресурси

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РМ Бр.07-1103/1 од 04.06.2012 година во Апелационен суд Гостивар бројот на судиите е утврден на 16 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и ситематизација на работните места во Апелациониот суд Гостивар СУ.БР.**0101 - 09**/2019 од 11.01.2019 година во овој суд бројот на судските службеници и вработени по ЗРО е предвиден на 115 работни места и 8 судски полицајци.

Моментално судиската функција во судот ја вршат 13 судии со  Претседателот на судот, додека административните работи ги вршат 35 вработени од кои 33 судски службеници и 2 работници вработени по ЗРО.

Составот на судот е следен**:**

Судски администратор – 1 извршител; советник инженер информатичар – 1 извршител; судски соработник – 7 извршители; помлад судски соработник – 9 извршители; помлад соработник - преведувач – 2 извршители; самостоен судски референт – 1 извршител; помлад соработник – 1 извршител; самостоен референт - сметководител – 1 извршител; виш судски референт – 2 извршители; виш судски референт Архива на судот – 1 извршител; судски референт - дактилограф – 5 извршители; помлад судски референт – 2; работник – 2 извршители, од кои 1 возач и 1 хигиеничар,

Апелациониот суд Гостивар за да може максимално да се ангажира со сите вработени - судиите, стручниот кадар и административно-техничкиот персонал, ефикасно и квалитетно да ја извршува судската функција во рамките на своите надлежности и можности се укажува потребата за вработување поголем број на стручен кадар и административно - технички персонал.

## VII. Извештај за планирани и извршени јавни набавки

Заради нормално функционирање на судот, беше донесен и Годишен план за јавни набавки во 2019 година. Согласно на Планот во текот на 2019 година Претседателот се ангажираше за спроведување на неколку постапки за јавна набавка на стоки, услуги и работи, преку системот за јавни набавки, и тоа:

- набавка на ситен инвентар и средства за одржување на хигиена,

- набавка на материјали за АОП тонери и принтери;

- групна јавна набавка на Интернет услуги;

- набавка на реконструкција на системот за греење и ладење на судската зграда;

- набавка на моторно возило;

- набавка на опрема за видео надзор;

- набавка на климатизер за сервер сала;

- набавка на метал детектор врата;

- набавка на информатичка опрема – компјутери за потребите на судот;

- групна набавка на услуги од Македонска пошта;

- групна набавка на хартија за печатење со основните судови од апелационото подрачје Гостивар;

- набавка на канцелариска опрема – набавка на вариолајт завесеи;

- набавка на услуги за користење на фиксна телефонија;

- набавка на одржување на зграда на судот – молерофарбарски работи за внатрешниот дел на судската зграда;

- набавка на опремување на Апелациониот суд Гостивар со сертификат за Системот за управување со квалитет ISO 9001: 2015.

Исто така во 2019 година, беа склучени Договор за вршење прием и достава на судски писма и други поштенски услуги и Договор за користење на интернет услуги и телефонски услуги.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
Шефајет Хајдари

Гостивар, Февруари 2020 година